Клинички психолог:

„Ги препраќам сите моите клиенти кои можат да имаат корист од службата на Јоил 2:25.“

- Џозеф Николоси, Д-р, клинички психолог. Ко-основач и поранешен претседател на Националната асоцијација за истражување и терапија на хомосекуалноста (www.narth.com). Автор на Репаративна терапија на машката хомосексуалност, Превенција од хомосексуалноста, Срам и губење на поврзувањето.

Доживеани придобивки

- Поголема поврзаност со нашиот вистински и автентичен полов идентитет
- Долготрајна чистота од порнографија и сексуална зависност
- Задоволување на истополови потреби на несексуален начин кое пак води кон исполнување и радост во животот за кој чувствуваме дека сме повикани да живееме

„Хомосексуалноста ми одзеде речиси 16 години од мојот живот и ги компромитираше со една или друга лага. Таа е како кафез во кој си затворен во еден бескраен круг на постојано барање повеќе отколку што всушност никогаш неможеш да примиш, постојано исполнет со празнина.“

„Исцелување од раните нанесени од хомосексуалноста не е лесно, но вреди! Јоил 2:25 е одлична служба која со гордост ја подржувам.“

- Мајкл Глец, поранешен геј активист

РЕСУРСИ

Локални лице-во-лице мали групи како и видео конференциски групи се нудат на повеќе јазици. Контактирајте на info@joel225.org за поконкретни инфомации за групите.

Поддршка за мажи

Поддршка за жени



Поддршка за тинејџери

Поддршка за млади

Поддршка за семејства

Локални групи за поддршка за емоционално исцелување, како и за исцелување во меѓучовечките односи.

15 минутни дневни молитвени телеконференции.

Неделни групи за поддршка преку видео-конференциска врска на шпански, англиски и 15 други јазици.

Сигурни онлајн форуми за допишување, дискусии, социјална интеракција и поддршка *(посебни форуми за мажи и жени на шпански, англиски и 15 други јазици)*

Дали се чувствуваш заробен од хомосексуалноста?

Ти не си сам.



„Ќе ви ги надоместам годините што ги изедоа скакулецот, гасеницата, црвецот и бубачката, Мојата силна војска што ја испратив против вас.“ – Јоил 2:25

JOEL 2:25 INTERNATIONAL

За нас

Во Јоил 2:25, *"гасеницата, црвецот , бубачката и силната војска"* претставуваат последователни бранови на зло после зло. Неплодните посеви не се случија во само една година, туку во години, напишано во множина... неплодни пустелии кои можеа да бидат обновени само со натприродна интервенција.

"Ќе ви ги надоместам годините што ги изедоа скакулецот, гасеницата, црвецот и бубачката, Мојата силна војска што ја испратив против вас."

– Јоил 2:25

За повеќето од нас, скршеноста на врските и емотивните рани кои се под површината на хомосексуалноста имаат уништено повеќе години и го направија заздравувањето мошне тешко. Божјото ветување во Јоил 2:25 имплицира едно *„надоместување"* кое значи дека Тој ќе ни даде плодни години како целосна компензација за годините кои ги изеде скакулецот. Надоместувањето значи многу повеќе отколку сексуална чистота и апстиненција. Тоа претставува исцелување на емоционалните рани и скршени врски, развивање на вистински идентитет како чеда Божји, исполнување на потребите и мноштво плодоносни години на мисија и цел кои водат кон радост.

Јоил 2:25 е интернационална заедница на мажи и жени кои се поддржуваат едни други преку молитва, духовен растеж и исцелување на меѓучовечките односи. Многу поединци имаат откриено дека длабоката лична посветеност кон репаративна терапија и советување ги довело да значително исцелување и слобода од емоционалните рани кои ја хранат склоноста кон сопствениот пол. Заедно, ние доживуваме вистинска промена, исцелување и трансформација во четири клучни области:

M.A.N.S. Групи *(Јоил 2:25 има исто така ресурси за жени, семејства и млади)*

Предавање

Предавање на нашите животи и нашата волја на Бог и прифаќање на Неговиот идентитет за нас.

Ниту едно човечко битие нема совршен одговор кој ќе ги направи нештата лесни и едноставни. Постојат три многу важни прашања кои одбираме да ги одговориме не само во врска со нашите склоности кон сопствениот пол, туку и со се друго во нашите животи

- Дали ВЕРУВАМ дека Бог има детален план и цел за мојот живот?
- Дали сум ОТВОРЕН да слушнам каков е тој план, дури и ако тоа не е она што моментално сакам да биде?
- Дали сум подготвен да ја ПРЕДАДАМ својата волја, својот идентитет и своите планови за да ја прифатам Неговата волја за мене?

Исполнување на потребите

Емоционално исцелување и прочистување: Негување на поддршка за обработка на Основните емоции на еден здрав и самоуверен начин кој води кон раст и исцелување. Ова вклучува Соочување со стравот, Обработка на лутината, Тагување и Отпуштање на минатото, како и Доживување и споделување на радоста.

- Чувствување на нашите чувства – Здравото тагување, здравиот гнев, ослободувањето на насобраната болка – може најнапред да бара обработка и отфрлање или барем идентификување на Срамот како и некои други штетни емоции.
- Живеење преку нашето Вистинито Јас (наспроти лажното јас) – Да се биде „реален". Покажување на нашето автентично „јас" на другите луѓе. Пробивање низ штетните емоции и сопствените одбранбени механизми.

Автентичност:

Автентичност – да се знаеме и да се разбереме себеси и да бидеме целосно вистинити во нашите врски со другите луѓе.

- Повторно вклучување во светот на половите со доверба и храброст
- Развивање на наша сопствена мрежа за поддршка вон оваа група, во нашите цркви, работни места и заедници.
- Преработување на склоностите кон сопствениот пол – пронаоѓање на вистинските основни потреби кои можат и МОРААТ да се исполнат преку здрави, непорочни, и платонски врски со граници кои искажуваат почит кон себе си и кон другите како комплетни луѓе.
- Поврзување со другите луѓе од позиција на силна мажествена основа.
- Здрави граници, здрава и безбедна привржаност.
- Доживување и уживање во нашите разлики.

Мажественост:

Развивање - на сопствениот повик и животна мисија.

- Водење и растеж на самите себе и на другите.
- Внатрешно чувство на мажественост – кое вклучува машки дејности, лична моќ, самодоверба, сигурност, граници, физички напор, да се биде „возрасен".
- Значајни поврзувања со други луѓе од ист пол – ова вклучува разни групи, генерациски другарства, менторство, здрави граници, здраво и сигурно поврзување.
- Живеење за Христос.

Концептот на "MANS" како и акронимот претставуваат адаптација на една програма развиена од Давид Матесон од Центарот за целовитост на половите. Принципите на "MANS" се исто така составен дел на програмата „Пат кон машкоста" (на англиски: Journey Into Manhood), чиј ко-автори се Давид Матесон и Рич Вајлер од организацијата „Луѓето можат да се променат". Користено со дозвола.



P.O. Box 795471 Dallas, Texas 75379, USA

Јоил 2:25 Интернационал е непрофитна организација регистрирана според параграфот 501(c)(3) од кодексот на УЛП на САД. Организацијата се раководи од борд на директори. Сите донации кон Јоил 2:25 Интернационал се со повраток на данок. EIN: 46-4342662